НУ ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - БИТОЛА
NI INSTITUTE FOR PRESERVATION OF CULTURAL MONUMENTS AND MUSEUM - BITOLA

Климент Охридски 18, 7000 Битола, Р.С. Македонија / Kliment Ohridski 18, 7000 Bitola, R.N. Macedonia
www.muzejbitola.mk email:info@muzejbitola.mk tel:++ 389 47 233 187 fax: ++ 389 47 299 525

# **ЗАБЕЛЕШКИ за**
# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС ВО КУЛТУРАТА

Примарна задача на законот мора да биде неговата реална примена и функционалност со взаемно прифаќање на сите чинители: законодавецот, надлежните институции и крајните корисници – граѓаните. Законот не смее да дозволи да нема вистинско согледување на реалната ситуација и функционирањето на погоре заедничка спрега на взаемни фактори и да се темели во основа на казнената политика и во својата премиса на спроведување да ги користи елементите на присила наместо да усмерува и да нуди реални и прифатливи решенија.

1. Во јануари 2018 година е донесена нова петгодишна Национална стратегија за развој на културата во Република Македонија за период од 2018-2022 година, во која се утврди потребата за донесување на нов закон за културата.

- Со ст.1 од чл.8 од Законот е утврдено донесувањето на Националната стратегија за остварување на јавниот интерес, која ја донесува Собранието.
- Во ст.2 потенцирано е дека Националната стратегија е документ со кој се утврдуваат среднорочните цели и приоритети во остварувањето на јавниот интерес во културата во Република Северна Македонија и се утврдуваат организациските, финансиските и административните мерки за нивно остварување.
- Во Законот, не е дефинирано кој точно, кои установи или преставници на единиците на локалната самоуправа, кои правни или физички лица, кои профили на стручни лица, академски звања, истакнати научници, уметници, во кој состав и колкав број на членови исл. мора да бидат вклучени при изработката на Националната стратегија, како клучен документ за државата.

2. Според ст.2 од чл.47, годишниот план се донесува во јуни во тековната година за наредната година.

- Во тој период голем дел од проектите од минатата година не се реализирани од минатиот годишен план, а понекогаш не е започната нивната реализација.
- Годишниот план треба да се донесува во почетокот на годината, од кога ќе се имаат заклучоците од реализацијата и крајните резултати од претходните проекти од минатиот годишен план.

3. Со ст.3 од чл.68 се предлага за нивото 1 најмалку 8 години работно искуство во струката и стекнато стручно звање согласно прописите за заштита на културното наследство, за нивото 2 најмалку три години работно искуство во струката и стекнато стручно звање согласно прописите за заштита на културното наследство.

- Ако се знае дека ниво 1 е изборно стручно звање – советник, а ниво 2 со изборно стручно звање – виш, низ процесот на работа и долгогодишното искуство, за ниво ниво 2 треба најмалку 5-10 години, додека за ниво 1 треба најмалку 15-20 години. Ваквото решение ќе овозможи недоволно стручни лица да раководат со проекти.

- Ако државата на овој начин сака да го реши акутниот проблем на недостиг на стручен кадар, тоа не смее да биде на штета на реалната стручност, туку тоа се решава со овозможување на понатамошно стручно усовршување, односно со законското решение од поглавјето *Услови за полагање на испит за добивање на конзерваторска лиценца* од Законот за заштита на културното наследство (Сл.В.РМ бр.: 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18).

4. Со чл.86 се предлага контрола на квалитет на носителите на дејност, од комисија формирана од директоротот, составена од најмалку три члена, а членовите на комисијата треба да бидат од истото или од повисоко ниво од нивото на носителот на дејност за кој се води постапка за контрола на квалитетот.

- Основна проблематика при реализацијата на зацртаните цели во заштитата е капацитетот и екипираноста на надлежните институции за заштита. Конкретно, немањето на доволен стручен кадар и техничка опременост, ги ограничува можностите за работа на установите, што во овој случај ќе доведе до формирање на казнени комисии од релативно тесен круг на членови, од разни установи.
- Во заштитата на културното наследство, се вршат постојани инспекциски надзори при релизацијата на проекти, по кои се изработуваат решенија, а исто така се вршат и континуирани надзори, што преставува своевидна контрола на квалитет, со оглед дека во решенијата се содржани заклучоци за резултатите од реализација, со оценка за понатамошно постапување.

5. Со чл.103 се предлага надоместок за теренска работа, односно во ст.1 е дефинирано дека се има право на исплата на теренски додаток на име на трошоци за посебни услови за работа за проектни активности за работа на терен, а кои се одвиваат надвор од зградата на седиштето на установата, односно од местото на живеење повеќе од 30 км.

- Очигледно е дека законскиот предлог е изготвен од лица кои не се запознати со теренската работа. Во установите низ процесот на работа во голем број на случаи има работење на вонпроектни активности за работа на терен, кои не се опфатени со законските одредби.
- Посебните услови за работа не се определуваат по одалеченоста од работното место, иако тоа е еден од условите кои ја отежнуваат работата. При тоа, во никој случај не смеат да се исклучат специфичните услови на работење, како што се примерите на работа со опасни материи, работата на ризични позиции и места, работење при неповолни временски услови исл.
- Исто така, се поставува прашањето по кој основ е одредена одалеченоста над 30км. и што би значело ако теренот се наоѓа на точно 30км. или ако за отежнати услови се смета одалеченоста, дали со зголемувањето на километрите процентуално треба да се зголемува надоместокот, односно со одалеченост над 60км. треба да се дуплира надоместокот?
- Надоместокот за теренска работа, треба законски да е регулиран во одредени рамки, процентуално во рамките на средствата на проектот, според поднесената предлог програма од страна на раководителот на проектот, потвредено од раководителот на установата како предлагачи на програмата, а оценета од избраните оценувачи од страна на Министерството за култура. Ако Министерството за култура, односно министерот го прифатил проектот, по автоматизам значи дека ги прифатил и планираните трошоци, по одделни ставки, па соодветно и ставката за теренски додаток.
- Раководителот на проектот ги има најсоодветните квалификации и познавања по однос на сите позиции на работа и степенот на работа под отежнати услови и соодветно ги планира трошоците по тој основ.

советник конзерватор
д.и.а. З.Алтипармаков